Мире Младеновски

# Атентат во Марсеј



Клучно прашање

## Во која мера атентатот го разрешил проблемот на диктатура на кралот Александар?

**Тема**

Убиството на кралот Александар претставува битен момент во историјата на Југославија. Тој момент воедно претставува пресвртен момент во земјата. Атентатот е прекриен со вел на тајновитост и постојат различни теории за тоа кој стои зад убиството. Воедно претставува и многу контроверзна и чувствителна тема. Воедно се поставува и прашањето за оправданост на атентатот, како и тоа кои цели се постигнати со тој чин.

**Исходи на учењето:**

Разбирање на причината за убиството на Александар I, како го разбрале тој настан оние кои учествувале во него и какви биле очекувањата и резултатите од атентатот

- Учениците ќе ги проценат причините за убиството на кралот Александар
- Анализа на изворите и нивната споредба
- Учениците ќе го воочат значењето на убиството на кралот за идниот развиток на Југославија

**Цели**

Критичкото разбирање на сложената природа на минатото и подигнување на свеста за критичкото размислување и мултиперспективен пристап во занимавање се историските настани

**Упатство за наставници**

**Чекор 1** – Групна работа

Задачата е да се поредат хронолошки седум значајни настани поврзани со Кралството Југославија. До секој настан мора да стои дата, наслов, пишан документ и визуелен извор кој се однесува на него.

Работата се одвива во групи и секоја група има иста задача. На тој начин секоја група го претставува својот резултат на работата пред другите групи.
Секоја група(ги има 4 или 5) добива ист сет на материјали за креирање на временската лента:

- Создавање на Кралството на Србите Хрватите и Словенците
- Атентатот врз Стјепан Радиќ
- Шестојануарската диктатура
- Атентатот врз кралот Александар

90
минути

**Чекор 2** - Бура на идеи на тема Атентат
Наставникот ги бележи клучните поими на табла, добиени преку бура на идеи

Задача: Да се изработи новинарска статија која ги содржи сите поими кои се забележани на таблата

Препорачан видео материјал за чекор 2:
*http://www.youtube.com/watch?v=SrruCOZwxKA*

## Задача 1

**Хронолошки подреди ги документите!**

• Кои биле главните настани во политичкиот живот на Југославија пред и по убиството на Александар I?
• Задачата е хронолошки да се подредат документите на начин да секој настан содржи година, наслов, текст со опис на настанот и фотографија која го илустрира истиот
• Секоја група (4 или 5) добива ист сет на материјали за креирање на временска лента

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Создавање на Кралството СХС** | **Убиството на Стјепан Радиќ** | **Шестојануарска диктатура** | **Убиството на кралот Александар** |
| | **1934** | **1929** | **1918** | **1928** |
| |  | |  | |
| |  | |  | |
| | Кралството СХС е создадено 1918 со спојување на независното кралство Србија со Словенија и Хрватска, кои пред тоа биле во рамките на Австро-Унгарското царство. | Кралот Александар I убиен е во Марсеј, на 09.10.1934, заедно со министерот за надворешни работи на Франција, Луј Барту, за време на официјалната посета на Франција. | Хрватскиот политичар и создавач на Хрватската селска партија (ХСП), Стјепан Радиќ убиен е во Собранието. Го убил српскиот политичар Пуниша Рачиќ. | Воспоставена е диктатурата на кралот Александар во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Траела од 06.01.1929, кога го распуштил собранието и ја превзел контролата над државата. Името на монархијата е сменето во Југославија. |

## Задача 2

**Објасни ја политичката ситуација пред убиството на Кралот Александар I!**

Задачата е да се анализира политичката ситуација во Југославија во 30-тите години на минатиот век од гледна точка на кралот, Усташкото движење и ВМРО. Претставник на групата треба пред останатите да ги изложи согледувањата до кои дошле. Секоја од трите групи добива различен сет на документи

Извор **1**

**Прокламацијата на кралот Александар, 06.01.1929**

...Настапи моментот кога помеѓу народот и кралот не може и не смее повеќе да има посредници (...). Парламентарниот ред и севкупниот наш политички живот добиваат се повеќе негативен белег, од кои народот и државата за сега имаат само штета. Сите корисни установи во нашата држава, нивниот напредок и развитокот на севкупниот наш народен живот, со тоа се доведени во опасност.

Од таквата нездрава политичка состојба во земјата страда не само внатрешниот живот и напредокот туку и средување и развивање на надворешните односи на нашата држава, како и јакнењето на нашиот углед и кредитот во странство.

Парламентаризмот, кој како политичко средство, по традициите од мојот незборавен татко, останал и мојот идеал, започнаа заслепени политички страсти да го злоупотребуваат до таа мерка што станал пречка за секоја плодна работа во државата. Жалните расколи и настани во Народното собрание ја поколебале кај народот вербата во корисноста на таа установа. Договорите, па и најобичниот однос помеѓу партиите и луѓето, станале апсолутно невозможни.

Наместо парламентаризмот да го развива и јакне духот на народното и државното единство, тој, таков каов што е, започнува да води кон духовниот раскол и народното разединување. Мојата света должност, е да, со сите средства го чувам државното и народното единство. Јас сум одлучен да оваа должност без двоумење ја исполнам до крај.

Да се сочува народното единство и целината на државата, тоа е највисоката цел на моето владеење, а тоа мора да биде и највисокиот закон за мене и сите. Тоа ми налага мојата одговорност пред народот и пред историјата. Тоа ми налага љубовта кон татковината и пиететот кон безбројните драгоцени жртви, кои го положија својот живот за тој идеал.

Да се бара лек, во досегашните парламентарни промени на влади, во новите законодавни избори, би значело да се губи драгоценото време во залудните обиди, кои веќе ни ги однесоа последните неколку години. Ние мораме да бараме нови методи на работа и да ги расчистуваме новите патишта...

Поради тоа решив и одлучувам да Уставот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците од 20. јуни 1921 година престане да важи. Сите земски закони остануваат да важат,,додека според потребата не се укинат со мој указ. На ист начин ќе се донесуваат во иднина новите закони. Народното собрание, избрано на 11. ноември 1927 година, се распушта.

*Службен весник на Кралството СХС, 6. јануари 1929*

Извор **2**

**Пакт на балканската спогодба, февруари 1934**

Член 1

Југославија, Грција, Романија и Турција гарантираат взаемна безбедност на сите свои балкански граници.

Член 2

Високите страни на договорот се обврзуваат дека ќе се договараат за мерките што треба да се превземат при појава на евентуалните случаеви кои би можеле да навлезат во нивните интереси како што се истите дефинирани со овој договор. Тие се обврзуваат дека нема да превземат никаква политичка акција кон било која друга балканска земја која не е потписничка на овој договор без претходно взаемно известување и дека нема да прифати никаква политичка обврска кон било кои други балкански земји, без согласување на останатите земји-потписнички на овој договор

Член 3

(...)Тој ќе биде отворен за секоја балканска земја чиво пристапување ќе биде предмет на благонаклоното испитување од страна на страните – потписнички на овој договор и ќе стане навистина штом останатите земји потписнички ќе го нотифицираат своето согласување.

*Службен весник, 1934, br. 145-XXXVIII.*
http://www.rastko.rs/istorija/diplomatija/pbs_s.html *(19. 7. 2013)*

, . *1927-1929* ,

..

, *6* *(1929),*

- .

. *1934* *I.*



Усташи



Анте Павелиќ

Извор **1**

**Устав на хрватското ослободително движење**

(...) Задачата на движењето - Усташите, хрватско ослободително движење  има.1 1 ( 1 ] (*1 11.2 A!)15.0 1 Tf [ .) 36.4 ] TJ /F15.1.0 1

1893 .
,
.
: ( )
( ).
( ) -
-
, ( )
,
, .
.
.



Комити - воена единица на ВМРО



Иван (Ванчо) Михајлов

Извор **1**

Јас во потполност разбирам зошто Македонците порано зборувале за автономија. Во тоа време целата Македонија била под османска власт; па според тоа, можела да постои во рамките на голема Турција под автономен статус. Меѓутоа, од 1912, можела само да бара независност инаку би била ставена под власт на три различни страни, во три различни држави, исцепкани како мала Полска. Во таквата своја положба, би ја изгубила целата своја територија (...) Не би го зела своето име во ниеден од трите дела – еден би бил Северна Грција,Јужна Србија итн. (...) Македонското движење се придржува тука на идеите кои се веќе изложени околу половина век. Тие ги подржуваат сите ослободителни кругови во странство. Ние мислиме дека идејата за независна Македонија и балканското помирување би требало да бидат прифатливи денес, кога така упорно се разгледува потребата за мирот и единството во Европа.

*Македонија. Швајцарија на Балканот, Иван Михајлов, Сент Луис, 1950*

Извор **2**

**За што всушност се работи?**

Изгледа дека во центарот на Европа, едвај 48 часа со возот од лионската станица во Париз, постои една организација која е појака од државата која делува на таа територија. Таа организација поседува своја земја, свои весници, своја полиција и свое судство. Собира данок, добива пари од странство, осудува на смрт според сопствените морални вредности. Таа застрашувачка организација суверено владее со еден дел од земјата и официјалната влада не води ниту внатрешна ниту надворешна политика која не е во согласност со начелата на оваа организација. Тоа ја натерало Југославија да постави бодликава жица покрај границата и да воспостави стражи на железничките пруги и мостови како да се во воена состојба. Таквите работи ги прави Внатрешната македонска револуционерна организација – ВМРО.

*Алберт Лондр, Комитаџии, Тероризмот на Балканот, Скопје, Култура, 1996*

Извор **3**

**Соработка со усташкото движење**

.Во април 1929 г. Македонскиот национален комитет под контрола на Михаилов и хрватскиот претставник, потпишале Декларација за соработка и создавање на Независната држава Хрватска и Независна Македонија, како втора бугарска држава. Со заедничката акција на хрватските и македонските сили, на 09.10. 1934 г. извршен е атентат врз кралот на Југославија, Александар I Караѓорѓевиќ. Бугарската влада на чело со Кимон Георгиев кон крајот на 1934 г. одлучила да го распушти ВМРО, по што организацијата под водство на Михаилов продолжува да делува во странство. Биле во врска со нацистичките и профашистичките сили во Германија, Италија, Унгарија и Хрватска и делувале до крајот на Втората светска војна.

*З , ВМРО 1924 - 1934, С , 1997*

## Задача 3

**Напиши новинарски напис на тема “Кој го убил кралот Александар?!“**

Започнуваме со гледање на краток филм или со бура на идеи за убиствата на кралот Александар I. Секоја група добива улога на новинар кој известува за убиството на кралот Александар I. Новинарската статија мора да содржи и предвидување на можните последиците од убиството (војна, демократија, нова диктатура...)
Можните улоги се следните (секој наставник независно ги бира улогите):
- Новинар кој пишува за меѓународни весници ( пр. француски, германски ...)
- Новинар кој пишува за весник од Србија
- Новинар кој пишува за весник од Хрватска

По завршувањето на оваа задача, се читаат составите и се даваат коментарите за нивната содржина, при што се пронаоѓаат сличности и разлики како и причинита за тоа.
Секоја група (ги има 3) добива различен сет на материјали.

Извор **1**

(...) Кралот Александар I е убиен во Марсеј, на 09.10.1934, заедно со министерот за надворешни работи на Франција, Луј Барту, по официјалната посета на Франција. Кралот Александар патувал во Франција со цел да ја зајакне одбрамбената алијанса против нацистичка Германија. Кралската смрт длабоко ја потресе цела Југославија, а стотици илјадници луѓе дојдоа да одадат последна почит во поворката низ земјата, до кралската гробница на Опленац. Кралот Александар I е погребан во мавзолејот на црквата св. Ѓорѓија која ја изградил кралот Петар I во чест на неговите најголеми достигнувања. Народното собрание и сенатот на Кралството Југославија го прогласија кралот Александар I за Обединител.

*Официјална web страна Српското кралско семејство*, http://www.royalfamily.org/index.php?43,en_hm-king-alexander-i-of-yugoslavia *(19. 7. 2013)*

Извор **2**

**Како изгледал Марсеј, 09.10.1934, Симон Мисирлиќ, дописник на *Ilustrasion* од Белград пишува:**

.“Марсеј треперел во општа веселба, украсен со знамиња, триколори од исти бои – плава, бела и црвена. Поредени хоризонтално, боите ја обележуваат југословенската тробојка, а истите бои вертикално поставени, тоа е француската триколорка. Нив не им беа само улиците во центарот на градот украсени туку и периферииите. Беше тоа ден на радост и препознатливото медитеранско расположение, сите беа разиграни. Ресторанитe на главната марсејска сообраќајница, на Авенијата Канабиер и по околните улици, се исполнила со гласна и развеселена толпа на луѓе. По текот на целиот предвиден кралски пат – од Старата Лука до споменикот на борците од зсолунскиот фронт – прозорците и балконите беа исполнети со мажи, жени, деца.“

Француски весник *Ilustrasion*, 9. 10. 1934

Извор **3**

**Хрвоје Матковиќ го претставува Владо Черноземски како Македонец**

За главниот водач на групата на атентаторите, Павелиќ го поставил Еуген Дидо Кватерник. Атентаторите се подготвувале во местото Јанка Пуста, во Унгарија, па со лажни пасоши од Австрија и Швајцарија пристигнале во Франција. Во Швајцарија му се приклучиле на Дидо Кватерник кој бил во придружба на македонскиот член на ВМРО, наречен “Владо возачот“. ВМРО ги одржувал добрите односи со усташката организација поради истата цел – уништувањето на Југославија. Поради тоа ВМРО ги праќала своите членови како инструктори за герилски акции. “Владо возачот“ бил еден од нив.

*Povijest Jugoslavije : 1918-1991 : hrvatski pogled, 1998. Naklada Pavičić*

Извор **4**

**Хероi и убијци**

“Хрватите немале искуства во заверите. Затоа изразија добредојде на помошта на нивните македонски браќа кои веќе пола век живееле и се бореле во атмосферата на терор и заговор. Кога Анте Павелиќ ја посетил Бугарија во 1929, отишол во Македонија да се сретне со Иван Михаилов. Двата лидери се поздравија срдечно и седнаа да ги разработуваат деталите од заедничката војна против кралот Александар. Павелиќ го замолил македонскиот водач да му ги “позајми“ елитните терористи и конспиратори. Еден од оние што ги пратил Михаилов бил и идниот убиец на кралот Александар, Владимир (Владо) Георгиев Черноземски. Тој му бил еден од омилените на Михаилов бидејќи успешно ги извршувал речиси сите задачи што му биле дадени. Михаилов, на 15.07.1932 г. го прегрнал Черноземски при простување и кажал: ’Сега замини кај нашите браќа Хрвати. Борбата е иста, само фронтот е поинаков. Непријателот е ист“.

*Стојан Христов: Херои и убијци,1936.*

Извор **5**

Во своите мемоари Иван Михаилов запишал дека Владо Черноземски го запознал во 1922 и дека неговото вистинско име е Величко Георгиев Керин. “ Владо беше тивок и исклучително ефикасен човек. Не ги сакаше луѓето што пијат. Не ги сакаше жените. Ја сакаче самотијата и сакаше многу да чита. До совршенство ја познаваше историјата на Васил Левски и Христо Ботев (бугарски револуционери). Беше националист“.

Иван Михајлов: *Македонија. Швајцарија на Балканот*, Сент Луис, 1950.

Извор **6**

”На 09.10.1934, во Истанбул, Турција, во домот на бугарскиот митрополит Андреј Величко, по ручекот излеговме на терасата да го испиеме пладневното кафе. Околу 4 часот по пладне, Михаилов погледна на часовникот и кажа “Во овој момент се случило нешто што ќе биде фатално за човештвото! Покренато е ново сметање на времето. Почнува нов календар, календар... на Втората светска војна!“

*Петър Япов,Пътуване из дневниците на митрополит Андрей, глава на задграничната Българска православна църква,Ню Юрк,1937-1972,Марскилскиятатентат с участието на Ванчо Михайлов и ВМРО 9 октомври1934,София,2002,19.*

Извор **7**

**Во чест на кралот Александар, писмо од Никола Тесла за уредникот на *New York Times***

Доволно е кажано за Југославија и нејзините народи. Меѓутоа, многумина Американци имаат погрешна претстава за тоа, бидејќи агитаторите и политичките непријатели шират гласини за Југославија и нејзиното население, кои припаѓаат на различните народи, а сите еднакво ја мразат тиранијата што ги држи заедно против нивната волја. Вистината е дека сите Југословени – Србите, Славонците, Херцеговците, Далматинците, Црногорците, Хрватите и Словенците, припаѓаат на иста раса, зборуваат на ист јазик и ги делат истите идеали и традиции.
По Првата светска војна, кралот Александар го овозможил политичкото единство на земјата и создал богата и моќна држава. Словените се дочекани со ентузијазам, а на луѓето им требаше време да се прилагодат на новите околности. Јас сум роден во Хрватска. Хрватите и Словенците никогаш не биле во можност да се борат за својата независност. Србите биле единствени кои се бореле за својата слобода и со истата се здобиле, а цената е платена со српската крв. Сите чесни Словенци и Хрвати се сеќаваат на тоа со благодарност. Тие се исто така свесни дека Србите ја имаат најголемата способност и искуство во војувањето и дека се најдобри и најрасположеи да ги праќаат своите трупи за државата во кризните моменти.
По обединувањето на Југославија од страна на кралот Александар, започнале нападите на политичките противници кои правеле се да ја уништат, сеејќи го семето на раздорот и злобните гласини (...).

*Никола Тесла, Њујорк, 19. октобар 1934.*

Извор **8**








**Познат под различни имиња:**
- Владо Черноземски
- Владо “Возач“
- Величко Димитров Керин
- Владо Георгиев

Извор **9**

**Убиецот на кралот Александар е озлогласен терорист, убил голем број на оние кои се противеле на независноста на Македонија**

Виена – (АП) – Југословенското пратеништво тука открило дека името на убиецот на кралот Александар не е Петар Калеман туку Владо Георгиев Черноземски, и дека тој озлогласен македонски терорист и поранешен личен чувар на Иван Михаилов, македонскиот револуционерен лидер, сега е во егзил.
Службениците од пратеништвото кажаа дека Македонецот го користел името како прекар. Тие изјавиле дека тој (Черноземски) ги убил многуте од оние кои се противеле на независноста на Македонија.
Кажано е дека тој го убил Хаџи Инов, бугарскиот аграрен лидер 1921.(...)
(...) Според бугарските извори, 1932 г. Черноземски е ангажиран како курир на тајните пораки од македонските револуционери и хрватските терористи во емиграција. Неодамна работел како инструктор во кампот во Унгарија каде по тврдењата на Југословените, Хрватите биле обучувани да користат бомби и пушки.
Черноземски е роден во Каменица,во јужна Бугарија. Идентификуван е, како е соопштено, благодарение на фотографиите кои француската полиција ги добила од двајцата поранешни југословенски Македонци кои сега живеат во својот роден крај, а со кои Черноземски од порано бил поврзан.

*http://trove.nla.gov.au/ndp/del/article/10962918*


IN YUGOSLAVIA VOICED IN BELGRADE

Извор **10**

**Убиецот Владо “возачот“ откомандуван е од пред две години за инструктор во Јанка Пуста**

Софија, 19 октомври (по телефон)
Кој знае од која причина, во однос на марсејскиот убиец Владо Георгиев Черноземски овдека ги праќаат извесните диверзии. Една од тие вести е за некое си истапување на Владо Шоферот по 1932 година. Другата е дека тој дури од страна на ВМРО по 1932 е убиен. Сега, меѓутоа се востанови дека двете вести се подметнати тенденциозно, за да се сокрие трагата по 1932 година. Имено, тој тогаш е напросто откомандуван за инструктор во Јанка Пуста.
Како е познато, уште во април 1929 година во Софија претставниците на терористите од Јанка Пуста со тогашниот Национален комитет, под претседателството на г. др. Станишев потпишале еден договор. По тој договор тогаш е образуван нивен заеднички фронт. Овој тогашен договор е објавен во облик на декларација потпишана од двете страни. Сличноста кон целта, методите и целите на работата на двете групи во печатот и на собирите, повеќепати е истакнувана и подвлекувана.

*Политика, Белград, 19 октомври 1932*


Убица Влада шофер откомандован је још пре две године за инструктора у Јанка Пусти

Софија, 19 октобр

Извор **11**

**Атентаторот бугарски терорист**
Наслов на дневниот весник *P* , Canada


Winnipeg Free Press

WINNIPEG, MONDAY, OCTOBER 15, 1934

22 PAGES